# избор на подарени дела од колекција на мсу

ИЗЛОЖБАТА СЕ ОРГАНИЗИРА ВО РАМКИТЕ
НА VI „СРЕДБА НА СОЛИДАРНОСТА“

L'EXPOSITION EST ORGANISÉE DANS LES CADRES DE LA VIe
MANIFÉSTATION INTERNATIONALE „RENCONTRE DE SOLIDARITÉ“

САЛОН НА МУЗЕЈОТ — „ЃУРО САЛАЈ“ 34

SALON DU MUSÉE — „GURO SALAJ“ 34

МУЗЕЈ НА
СОВРЕМЕНА
УМЕТНОСТ
СКОПЈЕ

MUSÉE
D'ART
CONTEMPOPAIN
SKOPJE

# ИЗБОР НА ПОДАРЕНИ ДЕЛА ОД КОЛЕКЦИЈАТА НА МСУ (1967 — 1969) СКОПЈЕ

# CHOIX DES OEUVRES DONNÉES DE LA COLLECTION DU MUSÉE D'ART CONTEMPORAIN DE SKOPJE

11. VII — 15. VIII 1969

уметници-учесници:
artistes participants:

1. andersen mogens — D
2. d'arcangelo allan — USA
3. atila — F
4. bazaldella mirko — I
5. bellgarde claude — F
6. bokchan kossa — F
7. bozzolini silvano — F
8. bryen camille — F
9. chambrin jack — F
10. clavé antoni — F
11. graves bradford — USA
12. hegedušić krsto — YU
13. hockney david — GB
14. javacheff christo — USA
15. jousselin françois — F
16. koskas georges — F
17. laks viktor — F
18. lévêque yves — F
19. lypovsky marvin — USA
20. millares manoio — E
21. méjiaz mauro — F
22. mortensen richard — D
23. nieuwenberg marcel — B
24. noma yoshico — J
25. zack léon — F
26. zappettini gianfranco — I
27. wirz dadi — S

Разновидниот карактер на изложбите што Музејот на современа уметност константно ги организира во рамките на својата програма, е раководен од настојувањето да го изградува естетскиот вкус на публиката, нејзината визуелна култура; да ја информира за настаните во современата уметност, во општата ликовна светска ситуација. Со денешницата, која за миг станува утрешница, во која постојано се случува нешто ново, неочекувано и интересно.

Од фондот на уметнички дела со кој располага МСУ, овој пат се одбрани само 30 дела од новопристигнатите, во текот на изминатите две години. Изборот не е во состојба да обезбеди (а нема и такви претензии) емоционално и визуелно информирање во сите најактуелни ликовни движења во светот: денес, кога најизразит белег на уметностите е нивната интенција за меѓусебна фузија, интеракција, синтеза и нивниот сé почест дијалог со архитектурата; кога е ,,во мода" екипното, групно креирање; кога е сé поголем интересот за компјутерската уметност, во која преовладува рационалното ,,програмирање", покрај инвенцијата, интуицијата, естетиката и идејата како одбран уметнички ,,продукт".

Но, од она што му се нуди на оваа изложба, гледачот сепак може да заклучи, дека во уметноста денес, сé помалку е важна, наметлива, емоцијата, за сметка на свесната акција, рационализмот на духот и интелигенцијата; емоционалноста ѝ остапува место на церебралноста systematic painting, primary structures, comp art, objet-art наместо експресионизмот, ташизмот, реализмот и енформелот).

Овој пат МСУ прикажува 30 дела од 27 уметници, претставници на 10 странски земји.

Оваа мала селективна панорама на современата ликовна уметност е раководена од неколку основни принципи:

1. Ликовно — естетска издржаност на уметничкото дело.
2. Улогата на даден уметник во историјата на современата ликовна уметност.
3. Актуелноста на прикажаната материја, нејзината поврзаност со карактеристиките на времето на кое му припаѓа.
4. Интенција за инструктивно-дидактичка насоченост во однос на ликовните тенденции и стилови (експресионизам, нова фигурација, нов реализам, поп-арт, надреализам, геометриска и нова апстракција, ташизам, енформел).
5. Да се извлече од расположивиот фундус најкарактеристичниот уметник од дотичната земја.
6. Ист третман кон сите изразни ликовни форми (слики, скулптури, цртежи, графики, колажи).
7. Вклучување на уметници кои подариле поголем број на уметнички дела.
8. Да се согледа новата функција на уметноста, нејзиното ,,поопштествување" и ,,социјализирање".
9. И, пред сé, да се манифестира искрената и топла благодарност на МСУ, кон хуманиот и благороден гест на прикажаните странски и домашни уметници.

**За застапените уметници**

Атила и Лакс го застапуваат експресионизмот во неговата нон-фигуративна или фигуративна варијанта. Д'Арканѓело поп-артот, Хокни и Хегедушиќ новата фигурација, Кристо и Миларес новиот реализам, Њувенберг и Межиас — надреализмот, Мортенсен, Белгард, Запетини, Зак, Нома — геометриската, лирската и новата апстракција и ташизмот; Клаве, Андерсен — енформелот.

Преку димензиите, артикулацијата, референците и прожектирањата во просторот, нивните тука изложени дела се поврзуваат со нашето време, ја изразуваат амбицијата и потребата: уметноста сѐ повеќе да се интегрира во разновидните форми на животот.

АТИЛА донесува интересна синтеза на ,,вистинитост" и ,,интерпретација", преку масивни површини составени од пастуозно обоена материја, која ја шематизира природата со експресионистичка снага и дионизиска сензуалност. Неговите современи ,,бајки" со анегдотско-инфантилни особености, носат во себе нешто од духот на ,,добрите стари времиња". И богатството на колористичките спектар го открива силниот експресионизам на неговата визија.

Творбите на МОГЕНС АНДЕРСЕН, на минатото Биенале во Венеција го исполнија целиот дански павиљон. Неговиот пластичен свет и покрај сензибилноста збогатувана од честите и интимни контакти со природата, има малку додирни точки со реалноста. Кај него очевиден е конфликтот на светло-сенката: како сечива на мечеви, светлосните зраци навлегуваат во ,,кралевството на темнината", ја раскинуваат и ја обработуваат со патетична жестина.

АЛАН Д'АРКАНГЕЛО е пред сѐ поврзан со американскиот поп-арт и уметноста на ,,острите рабови" (hard — edge). Несомнената духовна култура на авторот се реперкуира во творби со ликовно — естетска прочистеност, едноставност и експлицитност. Импресиониран од современиот урбанизиран и ,,техницизиран" пејсаж: автострадите и нивниот придружен инвентар (сообраќајни знаци, електрични столбови, реклами), тежи да ги приближи и приспособи своите ликовни медицации, кон оние на масите.

МИРКО БАЗАЛДЕЛА, еден од најеминентните современи италијански скулптори, пасионирано истражува во продуктите на примитивните и далечни цивилизации. Афинитетот за една архаична стилска експресија ја открива неговата желба за враќање кон изворите на природата. Сакралната обоеност која ни ја сугерираат експресивните геометризирани современи фетиши на Мирко ја откриваат неговата егзистенцијална филозофија.

КЛОД БЕЛГАРД е творец на хромотипограмите (обоени апстрактни портрети на човековата внатрешност), хроматски кабини и ,,астролошки знаци". Следбеник на Бонар, Делоне и Купка, тој одгледува посебна наклоност за бојата како психолошки супстрат. Со неа ја транскрибира менталната структура на карактерот и индивидуалноста на човечката личност.

Кај КОСА БОКШАН ,,формите" се редуцираани на чиста асоцијативна евокација. Амбивалентно творештво, пред кое нашата имагинација си ја дозволува ,,лудоста" да си сугерира разновидни толкувања.

Естетиката на СИЛВАНО БОЦОЛИНИ е блиска до онаа на Ербен и Мортенсен. Таа ни нуди апстрактно-геометризирани пластични светови во кои композициските односи создаваат драматична и напната атмо-

сфера. Оваа ,,геометрија на обоени површини", и покрај некои сличности, видно се разликува од енформелот, конструктивизмот и конкретната уметност.

Нон-фугурацијата на КАМИЈ БРИЈАН е од типот на Манесје, Базен и Естев. Тој е огорчен противник на фигурацијата. Низ законите на бојата, ни́ открива една спиритуелна и имагинативна реалност, транспонирана со нов експресивен занес. Човечкото суштество е латентно вклучено во архитектонската структура на платното.

Алузивната фигурација на ЖАК ШАМБРЕН ги користи традиционалните влијанија кон кои се придржуваат и експресионистички акценти. Под импресија на природата, авторот се труди да ни го долови ритмичкото дишење на природните елементи кои формираат нова визуелна и духовна клима. Благо наговестена, формата (во најчест случај актови), се претопува во композицијата и бојата.

Американскиот уметник од бугарско потекло — КРИСТО (ХРИСТО ЈАВАШЕВ) е изумител на терминот empaquetage (пакување, завиткување на предмети) и еден од најпознатите ,,нови реалисти". Овој, нов реализам е необичен, ,,шокантен" и драстичен и претставува егземпларен случај во историјата на современата ликовна уметност. Со пакување на најразновидни нешта (паметници, згради, автомобили, мотоцикли, хеликоптери, столици и сл.), тој цели од тие обични, банални предмети да се создадат современи фетиши и на тој начин го менува значењето и намената на даден предмет. А со тоа му придава мистериозен и енигматичен призвук. Ексцентричноста, демонстративната парадност и настојувањето по секоја цена да се биде оригинален, се атрибути на овој ,,предметен реализам", кој го носи теретот на технократската цивилизација.
Во енформелот на АНТОНИ КЛАВЕ се чувствува сугестивното ткаење на природните елементи. Во драстичните контрасти на chiaro — scuro и раскинатата композиција, вознемиреноста, драматичноста и патетичната тегобност го зголемуваат впечатокот на внатрешна борба, револт и конфликт. При тоа амбивалентноста на оваа скриена реалност, ја одредува мистеријата на нештата.

Скулптурата на БРАДФОРД ГРЕЈВС, волуминозна, компактна и цврста е изградена врз поуките на кубистичко-експресионистичките формули.
Несекојдневните пластични ,,исповедувања" на КРСТО ХЕГЕДУШИК, откриваат динамична духовна и творечка енергија. Поновите творби пиктурално се доближуваат до современите духови и социолошки ситуации, до модерните мотиви во ерата на сексуалната опсесија. Хуманоста и оптимизмот ги облеваат неговите ликовни песни за победата на човечкиот ratio во разни општествени, историски и социјални определености. Се служи со модерен тематски и техничко-технолошки проседе.

ДЕЈВИД ХОКНИ се вбројува меѓу најмаркантните англиски поп-артисти и ,,нови-фигуративци". Одличен цртач и графичар, тој и во сликите го носи бремето на линеаризмот. Сарказам, иронија и наивна искреност ги хранат неговите ликовни продукти.

ФРАНСУА ЖУСЛЕН води дијалог со предметите од секојдневниот живот, зад кои се крие нов уметнички свет, со ново значење. Се труди бегло и моментално да ги кадрира настаните и има особен афинитет за човекот и неговите придружни реквизити. Динамична, рубусна и спонтана фигурација.

Интензивните чувства на ВИКТОР ЛАКС го избрале за прибежиште неоекспресионизмот. Неговата ликовна креација е компилација на ориентални и барокни елементи. Арабескните форми го дошепнуваат егзистирањето на некаква подземна вегетација. Се определил за црно-бели односи и пастуозна палета.

Кај ИВ ЛЕВЕК реалноста е конципирана фигуративно. За прикажување на вегеталното пијанство и биолошката опоеност ја употребува евокативната моќ на бојата, композицијата и цртежот.
Бизарните скулптури на МАРВИН ЛИПОВСКИ се резултат на долготрајни технолошки експерименти; интересна комбинација на дуено стакло и синтетички маси.

Огромниот триптих на МАУРО МЕЖИЈАС не вовлекува во фокусот на една сиреалистичка атмосфера на органско и неорганско превривање. Тука, евокациите на денешните секојдневни катастрофи и елементите на суперииндустријализираната епоха, ја откриваат драмата на современиот човек во ерата на космичките революции.

Во плеадата на истакнатите денешни шпански уметници, покрај Миро, Пикасо, Тапиес и Клаве се вклучува и МАНОЛО МИЛАРЕС. Неговиот ,,нов реализам", поникнат на шпанско тло е импрегниран со темпераментноста, агресивноста и револуционерноста, својствени на оваа земја Во морбидните тродимензионални творевини на Миларес, кои му должат во извесна смисла на Каногар и Фонтана, евидентна е желбата за деструкција. Моментите на трауматичност и фаталност алудираат на ефемерните човечки победи.

РИЧАРД МОРТЕНСЕН е припадник на геометриската апстракција во најново издание: systematic painting или нова апстракција. Негува, како и останатите приврзеници на оваа тенденција, чиста форма, ригорозно симплифицирање на композицијата и пурифицирани колористички односи. Навестува далечни и единствени и блиски — тактилни визии.
Надреалистичката обоеност во платната на МАРСЕЛ ВАН НЈУВЕНБЕРГ му должат пред сé на подводните морски светови, светот на минералите, вегетативниот и планетарниот систем.

Ташизмот на ЈОШИКО НОМА го донесува мирисот на далекуисточната егзотична флора, интерференциите меѓу просторот и времето, метаморфозите на земјата, воздухот и водата. Во деликатно гравираниот хроматизам, слушајќи ги гласовите на природата, Нома се труди да ја фиксира пластичната вечност на светот.

Силно обоениот апстрактен натурализам на ДАДИ ВИРЦ (кој подари 6 слики на МСУ), ни презентира форми разложливи на апстрактни формули, кои од своја страна создаваат звучна хармонија.

ЛЕОН ЗАК ја напушта геометриската во корист на лирската апстракција. Неговото сликарство (од фамилијата на Зао Ву Ки, Хартунг и Ротко) го почувствувало влијанието на јапонските естампи и источниот ташизам. Авторот ги дефинира структурите на еден своевиден простор а во кој акцијата се осмислува и созрева. Во неговите ,,млечни" и ,,лунарни" пејсажи, емоционалниот полет суптилно и деликатно ги трасира авторовите интенции.

Строгите геометриски структури на ЃАНФРАНКО ЗАПЕТИНИ достигнале до редукција на изразните средства. Редот, рационалноста и дисциплината, откриваат особено чувство за композициски односи.

*СОЊА АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА*



1. могенс андерсен — мај, 1965

**МОГЕНС АНДЕРСЕН**

Роден 1916. во Копенхаген (Данска). Самостојни изложби: Ванс, Копенхаген 1948, 1950, 1960, 1963, 1967; Лунд 1959; Лондон 1961. Меѓународни изложби: Копенхаген—Есенски салон — 1935—1940; Копенхаген 1942—1948, 1953—1965; Мајски салон — Париз 1950—1968; Салон на Surrindèpendants — 1947; Мајски салон — Цирих 1960; Мајски салон — Куба 1967; Нови Реалности — Париз 1956—1968; Питсбург 1967; ја застапува Данска на Биеналето во Венеција 1968, а учествува и на бројни групни изложби во Франција, Белгија, Полска, САД, Југославија, Италија и др.

**MOGENS ANDERSEN**

Né en 1916 à Copenhague (Danemark). Expositions individuelles: Vence, Copenhague 1948, 1950, 1951, 1953, 1955, 1964, 1966; Paris 1954, 1959, 1960, 1963, 1967; Lund 1959; Londres 1961. Expositions internationales: Copenhague — Salon d'Automne 1935—1940; Copenhague 1942—1948, 1953—1965; Salon de Mai — Paris 1950—1968; Salon des Surrindépendants 1947; Salon de Mai — Zurich 1960; Salon de Mai — Cuba 1967; Salon des Realités Nouvelles — Paris 1956—1968; Pittsbourgh 1967; représente le Danemark à la Biennale de Venise en 1968 et participe à des nombreuses expositions en France, Belgique, Pollogne, USA, Yougoslavie, Italie etc.

Strandagervej 28, Copenhague, Danemark

**АЛАН Д'АРКАНЃЕЛО**

Роден 1930. во Буфало (САД). Студирал на универзитетите во Буфало и Мексико. Самостојни изложби: Мексико Сити 1958; Лонг Исланд Универзитет 1961; Њујорк 1963, 1964, 1965; Штутгарт, Хамбург, Келн, Париз 1965; Лос Анѓелос 1966; Касел, Токио 1967. Учествувал на многубројни групни изложби во земјата и странство, меѓу кои: Меѓународно графичко биенале во Токио 1966, Биенале во Сан Паоло 1967. Добитник на 3 национални награди. Живее во Њујорк Сити и предава на Школата за визуелни уметности во Њујорк.

**ALLAN D'ARCANGELO**

Né en 1930 à Buffalo (USA). Études aux Universités de Buffalo et de Mexico. Expositions individuelles: Mexico City 1958; Long Island University 1961; New York 1963, 1964, 1965; Stuttgart, Hambourg, Collogne, Paris 1965; Los Angeles 1966; Kassel, Tokyo 1967. Participa à des nombreuses expositions collectives dans le pays et à l'étranger, entre autre: Biennale internationale de gravure de Tokyo 1966 et à la Biennale de Sao Paulo 1967. Obtint trois prix nationaux. Vit actuellement à New York et enseigne à School of Visual Arts à New York.

76, West 69 th Street, New York, USA



2. алан д'арканѓело — двојна лента на конкретен свиок низ планините, 1965

**АТИЛА**

Роден 1931 во Будимпешта (Унгарија). Студирал архитектура на Универзитетот во Штутгарт и уметност кај Вили Бомеистер и во Париз. Самостојни изложби: 1964 — Галерија на младите во Париз; 1965 — Галерија Делта во Ротердам. Групни изложби: 1957 — Минхен, 1957 — New Vision Center во Лондон, 1957 и 1958 — Брисел, 1958 — Рим, 1959 — Дриан Галерија во Лондон, 1959 — Штутгарт, 1962 и 1965 — Салон „Comparaisons" од Париз, 1964 — Музеј на модерна уметност — Париз, 1965 — Биенале на младите во Париз, 1965 — Галерија Жак Масол во Париз, и др.

**ATILA**

Ne en 1939 à Budapest (Hongrie). Études d'architecture à l'Université de Stuttgart et d'art chez Willy Baumeister et à Paris. Expositions individuelles: 1964 — Galerie des Jeunes de Paris, 1965 — Galerie Delta de Rotterdam. Expositions collectives: 1957 — Munich, 1957 — New Vision Center de Londres, 1957 et 1958 — Bruxelles, 1958 — Rome, 1959 — Drian Galerie de Londres, 1959 — Stuttgart, 1962, 1965 — Salon des Comparaisons de Paris, 1964 — Musée d'Art Moderne de Paris 1965, Biennale des jeunes de Paris, 1965 — Galerie Jacques Massol de Paris, etc.

219 Bd. Jean Jaurès, Boulogne 92, France

**МИРКО БАЗАЛДЕЛА**

Роден 1910 во Удине (Италија). Студирал во Венеција, Фиренца, Монца и Рим. Самостојни изложби: Рим — Галерија Ла Комета 1935; Торино — Галерија Ла Зека 1936; Њујорк — Галерија Комет 1937; Њујорк — Галерија Кнодлер 1947; Рим — Галерија дел Обелиско 1952; Кембриџ — Уметнички Музеј Фог 1958; Вашингтон — Галерија Обелиск 1961; Бостон — Институт за современа уметност 1964; Сан Паоло — Биенале 1968; Венеција — Биенале 1968 и др. Учествувал на многубројни групни изложби во: Париз, Брисел, Виена, Будимпешта, Лондон, Сан Франциско, Њујорк и др. Награди: 1953 II награда за Споменикот на Непознатиот политички затвореник, 1955 — I награда за скулптура на Биеналето во Сан Паоло, 1957 — I награда за скулптура во Карара, 1964 — Златен медал од Претседателот на Република Италија, 1966 — I награда за скулптура на Квадриеналето во Рим, и др.

**MIRKO BASALDELLA**

Né en 1910 à Udine (Italie). Études à Venise, Florence, Monza et Rome. Expositions individuelles: Rome — Galleria la Cometa 1935; Turin — Galleria la Zecca 1936; New York — The Comet Gallery 1937; New York — Knoedler Gallery 1947; Rome — Galleria dell'Obelisco 1952; Cambridge — Fogg Art Muzeum 1958; Washington — Obelisk Gallery 1961; Boston — Institute of Contemporary Art 1964; Sao Paulo — Biennale 1968; Venise — Biennale 1968, Participation à des nombreuses expositions collectives Paris, Bruxelles, Vienne, Budapest, Londres, San Francisko, New York, etc. Prix: 1953 obtint le II-e prix pour le Monument du Prisonier Politique Inconnu. 1955-I-er Prix de sculpture à la Biennale de Sao Paulo, 1957-I-er Prix de sculpture à Carrara, 1964 — Médaille d'or du Président de la République de l'Italie, 1966 -I-er Prix de sculpture à la Quadriennale de Rome, etc.

Via Babuino 29, Roma 00187, Italia




4. мирко базалдела — monoco buddhista, 1966

**КЛОД БЕЛГАРД**

Роден 1927. во Париз. Самостојни изложби: 1952, 1954, 1955 1957, 1960, 1962, 1966, 1967 — Париз; 1956 — Бостон, Милано, Бон, Лил; 1958 — Брисел; 1959 — Милано; 1961 — Парма; 1962 — Лил; 1965 — Диселдорф; 1966 — Милано, Парма; 1967 — Монтреал. Групни изложби: од 1952 учествувал на бројни изложби во земјата и странство, меѓу кои: Октомврискиот и Мајскиот салон во Париз, Биеналата во Париз, Сан Марино, Сан Паоло и др. Награди: награда Лисоне 1959. и 1961. и I награда за Франција на Биеналето во Сан Марино 1965. Негови дела се наоѓаат во Тејт галери во Лондон, Музејот Гугенхајм во Њујорк и во бројни приватни колекции.

**CLAUDE BELLGARDE**

Né en 1927 à Paris. Expositions individuelles: 1952, 1954, 1955, 1957, 1960, 1962, 1966, 1967 — Paris; 1956 — Boston, Milan, Bonn, Lille; 1958 — Bruxelles; 1959 — Milan; 1961 — Parme; 1962 — Lille; 1965 — Dusseldorf, 1966 — Milan, Parme; 1967 — Montréal. Expositions collectives: à partir de 1952 participa à des nombreuses expositions de groupe dans le pays et à l'étranger. entre autres aux Salon d'Octobre et de Mai de Paris, Biennales de Paris, San Marino, Sao Paulo etc. Prix: 1959 et 1961 — Prix Lissone, I-er Prix pour la France à la Biennale de San Marino 1965. On trouve ses oeuvres dans la Tate Galerie de Londre au Musée S. Guggenheim de New York, ainsi que dans des nombreuses collections privées.

10 Boulevard Port Royal, Paris V-e, France

**КОСА БОКШАН**

Родена 1925 во Берлин. Студирала на Академијата за ликовни уметности во Белград. Од 1952 живее во Париз. Самостојни изложби: 1952 — Бел, град; 1963 — Лил; 1965 — Париз, и др. Групни изложби: Лондон 1952-1954; Париз 1955; Диселдорф и Екс Ла Шапел 1956; Салон,, Comparaisons" — Париз 1963; Салон на Новите реалности — Париз од 1959; Мајски салон од 1967 и др.

**KOSSA BOKCHAN**

Née en 1925 à Berlin (Allemagne). Études à l'Académie des Beaux-Arts de Belgrade. Vit depuis 1952 à Paris. Expositions individuelles: 1952 — Belgrade; 1963 — Lille; 1965 — Paris, etc. Expositons collectives: Londres 1952, 1954; Paris 1955, Dusseldorf et Aix la Chapelle 1956; Salon de Comparaisons de Paris 1963; Salon des Realıtés Nouvelles à partir de 1959; Salon de Mai à partir de 1967.

170 Rue du Faubourg St Antoine, Paris XI-e, France



7. силвано боцолини — метаморфози, 1965

**СИЛВАНО БОЦОЛИНИ**

Роден 1911 во Фиезоле, Фиренца (Италија). Слободни студии на Академијата за ликовни уметности во Фиренца. 1947 се настанува во Париз. Самостојни изложби: Париз — 1953, 1955, 1958, 1960, 1964/65; Милано 1950, 1951, 1957, 1960, 1963, 1965, 1967; Цирих — 1950 и 1955; Фиренца — 1956; Лиеж — 1958 и 1964; Њујорк — 1959; Брисел — 1961/62; Гренобл — 1967, и др. Групни изложби: учество на многубројни изложби во музеите и галериите во Париз; 1963 — Музеј на модерна уметност во Рим; Хавана — 1956; I триенале во Милано — 1956; Државен музеј во Осло — 1959; Бостон — 1959; Музеј на модерна уметност во Њујорк — 1960; Брисел — 1960; IV Биенале во Љубљана — 1961; Рио де Жанеиро — 1961; Сан Паоло — 1961; Авр — 1967, и др.

**SILVANO BOZZOLINI**

Né en 1911 à Fiesole, Florence (Italie). Études libres à l'Académie des Beaux-Arts de Florence. En 1947 s'installe à Paris. Expositions individuelles: Paris — 1953—1955, 1958, 1960, 1964/65; Milan — 1950, 1951, 1957, 1960, 1963, 1965, 1967; Zurich — 1950 et 1955; Florence 1956; Liège 1958 et 1964; New York — 1959; Bruxelles 1961/62; Grenoble — 1967, etc. Expositions collectives: participation aux nombreuses expositions dans les Musées et les galeries de Paris; 1963 — Musée d'Art Moderne de Rome; La Havane — 1956; 1956 — I Triennale de Milan; 1959 — Musée d'État d'Oslo; 1959 — Boston; 1960 — Musée d'Art Moderne de New York; 1960 — Bruxelles; 1961 — IV Biennale de gravure de Ljubljana; 1961 — Rio de Janeiro; 1961 — Sao Paolo; 1967 — Le Havre, etc.

4 Rue Camille Tahan, Paris VIII-e, France

**КАМИЈ БРИЈАН**

Роден 1907 во Нант (Франција). Сликар самоук. Самостојни изложби: Париз — „Au Grenier" 1934; „Гравитација" 1937; Галерија Луксембург 1947; Галерија Аленди 1952 и 1953, Галерија Едуард Леб 1955; Галерија Стадлер 1956; Галерија Р. Казенав 1960 и 1961; Галерија Ла Ин 1964 и 1965; Лозана — 1949, 1953, 1959, 1965; Лондон 1956; Франкфурт 1952; Женева 1952; Виена 1959; Милано 1957 и 1959; Рим 1959; Лиеж 1966 и др. Учествувал на групни изложби во музеите во: Париз, Цирих, Амстердам, Мадрид, Франкфурт, Лондон, Њујорк, Чикаго, Сан Паоло, Рио де Жанеиро, Каракас, Токио, Стокхолм, Прага, Букурешт, Загреб, Варшава, Љубљана и др.

**CAMILLE BRYEN**

Né en 1907 à Nantes (France). Autodidacte. Expositions individuelles: Paris — „Au Grenier" 1934, „Gravitation" 1937, Galerie du Luxembourg 1947, Galerie Allendy 1952 et 1953, Galerie Edouard Loeb 1955; Galerie Stadler 1956; Galerie R. Cazenave 1960 et 1961; Galerie de la Hune 1964 et 1965; Lausanne 1949, 1953, 1959, 1965; Londres 1956; Frankfort 1952; Genève 1952; Vienne 1959; Milan 1957 et 1959; Rome 1959; Liège 1966; etc. Prend part aux expositions dans les musées de Paris, Zürich, Amsterdam, Madrid, Francfort, Londres, New York, Chicago, Sao Paulo, Rio de Janeiro, Caracas, Tokyo, Stokholm, Prague, Bucarest, Zagreb, Varsovie, Ljubljana etc.

4 rue de l'Université, Paris VII-e, France



8. мамиј бријан — слика, 1961

**ЖАК ШАМБРЕН**

Роден 1919 во Рамбује (Франција). Бил една година ученик на Морис Денис, а потоа самостојно се развивал. Самостојни изложби: 1950, 1953, 1957, 1959, 1966 — Париз; 1952, 1958, 1961, 1966 — Амстердам; 1956 и 1957 Алжир и Оран; 1957 — Брисел; 1962 — Франкфурт и др. Групни изложби: од 1946 Есенски салон — Париз; од 1950 Мајски салон — Париз; од 1951 ,,Сликари сведоци на своето време" — Париз; 1951 — Амстердам; 1953 — Римини; 1954 Милано; од 1955 Биенале на Современа уметност — Мантон; 1963 — Париз; 1964 — Амстердам; 1964 — Јапонија; 1968 — Каракас, и др. Награди: 1954 — Награда ,,Феликс Фенеон" — Париз; 1954 Награда ,,Abd el Tif" — Париз; 1967 — Награда ,,Декарт"; 1967 — Награда ,,Скриен потпис" — Галерија Кнодлер Париз, и др.

**JACK CHAMBRIN**

Né en 1919 à Rambouillet (France). Pendant un an élève de Maurice Denis, ensuite formation indépendante. Expositions individuelles: 1950, 1953, 1957 1959, 1966 — Paris; 1952, 1958, 1961, 1966 — Amsterdam; 1956 et 1957 Alger et Oran; 1957 Bruxelles; 1962 — Frankfort, etc. Expositions collectives: Depuis 1946 Salon d'Automne de Paris; depuis 1950 Salon de Mai de Paris; depuis 1951 ,,Peintres Temoins de leur Temps"; 1951 — Amsterdam; 1953 — Rimini; 1954 — Milan; depuis 1955 — Biennale d'Art Contemporain de Menton; 1963 — Paris; 1964 — Amsterdam; 1964 — Japon; 1968 — Caracas. Prix: 1954 — Prix ,,Félix Fénéon" à Paris; 1954 — Prix ,,Abd el Tif" Paris 1954, 1967 — Prix Descartes, 1967 — Prix ,,de la signature cachée" — Galerie Knoedler Paris, etc.

4 Rue Camile Tahan, Paris 18-e, France

**АНТОНИ КЛАВЕ**

Роден 1913 во Барцелона (Шпанија). Студирал на Школата за ликовни уметности во Барцелона. 1939 се настанува во Париз. Се бави со сликарство, графика, тапиресерија, театарска сценографија, илустрација на книги Самостојни изложби: Париз — 1940, 1942, 1944, 1946, 1953, 1958, 1960 1968; Лондон — 1947 и 1955; Оран — 1948; Малмо — 1949; Готеборг — 1950; Рим — 1951 и 1954; Милано — 1954; Барцелона — 1956, 1960, 1965; Лос Ангелос — 1957; Љубљана — 1959; Антиб — 1960 и 1967; Женева — 1961; Мадрид — 1966; Цирих — 1966, и др. Учествувал на најзначајни меѓународни ликовни манифестации.

**ANTONI CLAVÉ**

Né en 1913 à Barcelone (Espagne). Études à l'Ecole des Beaux-Arts de Barcelone. 1939 s'installe à Paris. S'occupe de la peinture, gravure, tapisserie, décoration théâtrale, illustration de livres. Expositions individuelles: Paris — 1940, 1942, 1944, 1946, 1953, 1958, 1960, 1968; Londres — 1947, 1955; Oran — 1948; Malmo — 1949; Götteborg — 1950; Rome — 1951 et 1954; Milan — 1954; Barcelone — 1956, 1960, 1965; Los Angeles — 1957; Ljubljana — 1959; Antibes — 1960 et 1967; Genève — 1961; Madrid — 1966; Zurich — 1966, etc. Participa aux plus importantes maniféstations internationales.




17. кристо јавашев — спекуваната уметничка галерија во берн, цртеж и фотографија, 1968

**БРАДФОРД ГРЕЈВС**

Роден 1938 во Далас, Тексас (САД). Студирал на Школата за визуелни уметности и на Новата школа за социално истражување во Њујорк. Самостојни изложби: 1967 — Галерија Илиен, Атланта; 1967 — Квинлан Арт Центр, Геинсвил. Групни изложби: 1959 — Данбари; 1961, 1962 — Њујорк Сити; 1965 — Далас; 1967 — Бруклин; 1967 — Индиана; 1968 — Њујорк Сити; 1966 — Мермерски симпозиум во Прилеп.

**BRADFORD GRAVES**

Né en 1939 à Dallas, Texas (USA). Études à l'École des Arts visuels et à la Nouvelle École de la Recherche Sociale de New York City. Expositions individuelles: 1967 — Galerie Illien, Atlanta; 1967 — Quinlan Art Center, Gainesville. Expositions collectives: 1959 — Danbury; 1961, 1962 — New York City; 1965 — Dallas; 1967 — Brooklyn; 1967 — Indiana; 1968 — New York City; 1966 — Symposium de marbre de Prilep (Yougoslavie).

217 East 81 Street, New York, New York 10028, USA

**КРСТО ХЕГЕДУШИЌ**

